РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП I бр. 25-21
___. 03. 2015 година
11 -03- 2015 Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13 и 138/14) постапувајќи по барањето поднесено од ДПТУ КОНФОРМА ДООЕЛ Скопје и Предлогот за овластување за техничка служба доставен од органот за одобрување со УП I бр.25-21 од 04.03.2015 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. **СЕ ОВЛАСТУВА** Друштвото за производство трговија и услуги КОНФОРМА ДООЕЛ увоз – извоз Скопје во:
- Инспекциското место „ИМ1" Велес - ул.Вардарска бр.198 (м.в.Село) Велес;
- Инспекциското место „ИМ4" Кочани - ул. Теодосија Паунов бр.111 Кочани и
- Инспекциското место „ИМ5" Скопје – ул. Методија Андонов Ченто 15А, Скопје

за вршење на стручни работи во постапка на:

а) Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, R, C и S, согласно: член 2 став 1, член 2 став 2 (секторски за возило за специјална намена и возило во последна фаза од повеќефазно одобрување) и член 2 став 3 (секторски за преправки опфатени со точка 2 согласно табела 1 од Сертификатот за акредитација на инспекциското тело со број ИТ-010 од 23.07.2014 година) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на РМ" бр.16/2010) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на РМ" бр.21/10);

б) Одобрување на преправено возило, согласно член 6 (секторски по точка 1, 2, 3, 4, 5, 8, 10, 13, 14, 15, 18, 19, 20, 21 и 23) и член 7 (секторски по точка 1 (ТНГ), 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 13, 14 и 15) од Правилник за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на РМ" бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

в) Инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор), согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Сл.весник на РМ" бр.101/13);

2. Со влегување во сила на ова ршение, престанува да важи Решението за овластување за техничка служба со УП I бр.25-113 од 12.09.2014година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Органот за одобрување врз основа на барањето од ДПТУ КОНФОРМА ДООЕЛ Скопје, до Министерството за економија достави Предлог за овластување за техничка служба со УП I бр.25-21 од 04.03.2015 година, како и барањето за овластување со целокупната документација.

Со барањето се доставени следните документи:
- Тековна состојба за субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија;
- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-010 од 23.07.2014 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија, со важност до 27.05.2016 година и Прилог кон сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-010 од 11.02.2015 година;
- Доказ за склучен договор за осигурување со ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје (Полиса за осигурување бр.6000410000141 со важност до 17.05.2015 година);
- Договор за закуп на деловен простор на ул.Вардарска бр.198 (м.в.Село) Велес, заверен на нотар со број УЗП 350/2015 од 22.01.2015 година;
- Договор за соработка со Здружение на возачи Кочани, заверен на нотар со број УЗП 4469/10 од 29.10.2010 година;
- Договор за соработка со Здружение на возачи на град Скопје, заверен на нотар со број УЗП 7599/13 од 08.10.2013 година;
- Извештај за билансот на состојба и билансот на успех на субјектот бр.0904-23/3/1 од 05.02.2015 година, издаден од Централен регистар на Република Македонија;
- Изјава од управителотна ДПТУ КОНФОРМА ДООЕЛ Скопје, со список на опрема која е во сопственост на субјектот;
- Доказ за вработување (копии од обрасците М1/М2 и договори за работа) и доказ за стручноста (уверенија и потврди) за:

1. Никола Поповски, дипломиран машински инженер;
2. Кире Саздов, дипломиран машински инженер;
3. Александар Гогов, дипломиран машински инженер;
4. Игор Митревски, дипломиран машински инженер;
5. Димитар Узунов, дипломиран машински инженер;
6. Тасе Тасев, дипломиран машински инженер;
7. Стојанче Иванов, дипломиран машински инженер;
8. Илија Митрев, дипломиран машински инженер;
9. Љупче Михов, дипломиран универзитетски инженер по машинство;
10. Ѓорѓи Димов, дипломиран електротехнички инженер;
11. Драган Стефановски, дипломиран сообраќаен инженер и
12. Игор Караколевски, електротехничар.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање изврши увид во доставената документација и одредбите од Законот за возила, Правилник за Единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила, Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата за издадени одобренија и на

начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Bekim Neziri

Комисија во состав:

| | |
|---|---|
| Нериман Целадини | Претседател |
| Јане Шапардановски | Зам. претседател |
| Марика Илијевска | член |
| Пеце Андоноски | член |